**Декларација**
**на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост**

***МППС претставува сојуз на 92 доброволни, непартиски, невладини организации, неформални здруженија на граѓани, групи за самопомош, синдикати и поединци кои работат на различни полиња и кои ги здружија своите напори за да ги истакнат проблемите со кои се соочуваат граѓаните и се од нивни заеднички интерес, а во насока на промовирање на социјалната еднаквост и правда, партиципативната демократија и граѓанската солидарност, како и со цел да обезбедат одговорност и отчетност на надлежните јавни институции и владини органи во поглед на почитувањето на преземените меѓународни обврски и одговорности.***

Активистите на МППС и претставниците на граѓанските организации од цела Република Македонија, поддржани од нашите партнери од ЕАПН, се собраа во Скопје на 03 јуни 2015 година, за да ја ревидраат третата Декларацијата на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост која што беше изработена на Третата конференција во 2013 година, и истета беше предадена до сите политчки партии во Република Македонија. На оваа четврта конференција се постававија новите барања, бидејќи сега барањата се поопширни оваа Декларација решивме да ја предадеме до политичките партии и Собранието на Р.Македонија.

Се здруживме овде заедно, силни во нашата заложба да го привлечеме вниманието на јавноста за тешките услови во кои живеат и проблемите со кои се соочуваат граѓаните на Република Македонија, каде сиромаштијата и социјалната исклученост полека но сигурно продолжува да засегнува се поголем дел на населението.

Владата на Република Македонија и дел од општата јавност очигледно се уште не ја согледуваат сиромаштијата и социјалната исклученост како главен проблем во земјата. Усвоените национални стратегии, до сега, не се спроведуваат на координиран и ефикасен начин. Всушност, Владата на Република Македонија ги игнорира очигледните чекори кои е потребно да бидат преземени со цел да се спречи социјалната исклученост и сиромаштијата во земјава и да се следи светскиот тренд на користење на благодетите кои ги нуди социјално инклузивното општество. Сега, кога се намалуваат странските донации, не се заканува опасност од влошување и отежнување на состојбите.

Регионалната историја и тековната економска криза само го обременуваат овој проблем. Република Македонија е земја во развој, која е на чекор од пристапување во ЕУ, но сепак земја која е изолирана поради внатрешен конфликт.

Работејќи заедно ние активистите и поддржувачите на МППС, веруваме дека Владата на Република Македонија може да обезбеди квалитетен одговор кој ќе помогне во надминувањето на оваа длабока изолација, ќе помогне да се преземат соодветни

чекори потребни за подобри и подостоинствени услови за живот и ќе преземе одлучни чекори во реформирањето на оние делови на легислативата кои само ги зголемуваат постоечките предизвици со кои се соочуваат ранливите и маргинализирани социјални групи.

Оттаму, ние бараме од Вас, во и надвор од Владата на Република Македонија, да ги поддржите нашите напори во справувањето со следните клучни полиња кои не засегаат:

### Социјална заштита

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ **Кратење на државните буџети наменети за социјална заштита** | ➢ Редовна и правилна распределба на социјалните трансфери кон примателите на социјална помош |
| ➢ **Не препознавање на социјалните партнери (здруженија на граѓани и приватни претпријатија) како даватели на социјални сервиси** | ➢ Активно вклучување , сертифицирање и кофинансирање од страна на државниот буџет на социјалните партнери при нудење за социјални сервиси |
| ➢ **Слаб квалитет на услуги што се нудат од областа на социјална заштита** | ➢ Формирање на институт за лиценцирање на сите профили кои нудат сервиси за социјална заштита |
| ➢ **Недостаток на програмите за превенција, рехабилитација и ресоцијализација на посебно вулнерабилни групи(корисници на droги и алкохол, лица кои живеат во пост трауматски синдром-припадници на безбедносните сили на Р.М. и затвореници)** | ➢ Формирање на центри за превенција, рехабилитација и ресоцијализација на посебно вулнерабилни групи(корисници на дроги и алкохол, лица кои живеат во пост трауматски синдром-припадници на безбедносните сили на Р.М. и затвореници) со програми за вработување |
| ➢ **Утврдување на сексуалната работа како прекршочно дело** | ➢ Депенализација на сексуалната работа и утврдување како дејност |
| ➢ **Застарена листа на болести кои се сметаат за социјален ризик во Законот за социјална заштита** | ➢ Ревидирање и дополнување на листата на болести во Законот за социјалната заштита со болестите ХИВ и Хепатит Ц |
| ➢ **Немање на механизми за идентификација на лицата изложени на социјален ризик (креирање на бази на податоци за лица во социјален ризик на локално ниво)** | ➢ Воведување на механизми за идентификација на лицата изложени на социјален ризик(креирање на бази на податоци за лица во социјален ризик на локално ниво) |
| ➢ **Неодреден буџет за имплементација на ратификуваната конвенција за заштита на правата на лицата со хендикеп** | ➢ Издвојување на буџет за имплементација на ратификуваната конвенција за заштита на правата на лицата со хендикеп |
| ➢ **Ниска граница на достоинствен живот** | |

| | |
|---|---|
| | ➢ Реално зголемување на сите парични надоместоци до достигнување на достоинствен минимален приход за секој граѓанин |
| ➢ **Субвенции за лицата корисници на социјална парична помош во јавниот транспорт** | ➢ Бесплатен јавен транспорт за лицата корисници на социјална парична помош |
| ➢ **Не субвенционирање или недоволна финансиска поддршка на деца без родителска грижа кои се сместени во алтернативен систем на грижа** | ➢ Поддршка и унапредување на поддршката во грижата за деца без родители и родителска грижа преку субвенционирање и создавање на јавно-приватно партнерство во системот на алтернативно згрижување |
| ➢ **Доцнење на редовна исплата на правата од социјалната заштита;** | ➢ Редовна и навремена исплата на правата од социјалната заштита и зголемување на средствата од парични надоместоци; |
| ➢ **Укинување на права од социјална заштита по основ на трансфер на пари преку Вестер Унион;** | ➢ Да се пролонгира/стопира законот за брз трансфер на пари и да се спречи негова ретроактивна употреба; |
| | ➢ Да се дадат Приоритети при вработување на корисници на правата од социјална заштита; |
| | ➢ МТСП да нема пристап до информациите од трансакциски сметки на корисниците на права од социјална заштита; |
| ➢ **Доделување на право на еднократна парична помош, за времена изборна кампања;** | ➢ Доследно применување на законот за еднократна парична помош; |
| | ➢ Непосредно пред политички избори да не се доделуваат експресно парични додатоци на најранливите категории; |
| ➢ **Потребни се дополнителни финансии за вадење на лична документација, неопходна за аплицирање за права од социјална заштита;**<br>➢ **Долги и комплицирани процедури за добивање на документи за лична идентификација на „фантом лица". Овие состојби водат кон прекршување на основните човекови права, меѓу нив и здравствените и социјалните права;** | ➢ Бесплатно добивање на лични документи при аплицирање и остварување на правата од социјална заштита |

## Здравствената заштита

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ **Слаб притап до бесплатни, квалитетни и функционалани сервиси за здравствена заштита на сите нивоа** | ➢ Отворање на соодветни сервиси за примарна и секундарна здравствена заштита со посебен акциент на сервиси за палијативна и долготрајна нега и екипирање на партонажните служби во системот |

| | |
|---|---|
| **Недоволна сензибилизираност на здравствените работници и соработници за работа со ранливи социјални групи** | Дополнување на веќе постоечките наставни програми за здравствени работници со тематски единици за адекватна работа со ранливите групи |
| **Непочитување на правата на пациентите** | Доследна и ефективна промена на Законот за заштита на права на пациенти, Законот за заштита од сите форми на дискриминација и Законот за здравствена заштита |
| **Недостатоци и застој во обезбедувањето на дијагностиката, терапија и рехабилитација за животно загрозувачките болести.** | Обезбедување на континуиран пристап до терапија и третман за животно загрозувачки болести од страна на ФЗО |
| **Изостанува соработка и координираност на здравствените установи од примарната, секундарна и терцијалната здравствена заштита** | Да се зајакне соработката и координираноста на здравствените установи од примарната, секундарна и секундарната здравствена заштита |
| **Не се спроведуваат целосно програмите за здравствена заштита на ранливите групи од страна на Министерството за здравство** | Спроведување на програмите за здравствена заштита на ранливите групи од страна на Министерството за здравство |
| **Недостиг на тимови на здравствени работници на здравствените установи во секундарната здравствена заштита (со посебен акцент на помалите градови во Република Македонија** | Зголемување и зајакнување на тимовите со здравствени работници на здравствените установи во секундарната здравствена заштита (со посебен акцент на помалите градови во Република Македонија) |
| **Недостиг на поголема информираност за правата и програмите за ранливите групи согласно правната рамка од областа на здарвствената заштита** | Да се зголеми информираноста за правата и програмите за ранливите групи согласно правната регулатива од областа на здарвствената заштита |
| **Доцнење на исплатата на социјалните услуги на корисниците (боледување,породилно и сл.) од страна на ФЗОМ** | Утврдување на точна временска рамка за исплата на социјалните услуги на корисниците (боледување,породилно и сл.) од страна на ФЗОМ |
| **Немање на ТБЦ центри** | Отварање на ТБЦ центрите |
| **Ограниченост на постоечката листа со дијагнози кои влегуваат со партиципација( хемофилија и** | Да се прошири постоечката листа со дијагнози кои влегуваат со партиципација( хемофилија и мултиплекс и други) |

**мултиплекс и други)**

- **Плаќање на партиципација на корисниците на амбулантски и дневноболнички третман во психијатриските установи**
- **Проблем во однос на вадење на лична документација и оние кои имаат проблем во однос на утврдување на статусот на државјани на Република Македонија и нивно вклучување во системот на здравствената заштита**
- **Недостаток на здравствени работници (Роми);**
- **Нема доктори со полно работно време во руралните средини (пример за село Могорче, Дебарско);**
- **Заболените од карцином не се целосно ослободени од здравствена партиципација;**
- **Примателите на социјална парична помош не се во можност да ги плаќаат здравствените услуги;**
- **Во општина Шуто Оризари нема гинеколошка ординација;**

**Тежок и комплексен пристап до специјалистички здравствени услуги („мој термин“);**

- Ослободување од партиципација на корисниците на амбулантски и дневноболнички третман во психијатриските установи
- Вклучување во системот на здравствена заштита на оние лица кои имаат проблем во однос на вадење на лична документација и оние кои имаат проблем во однос на утврдување на статусот на државјани на Република Македонија
- Вработување на здравствени работници Роми (на локално ниво);
- Да се вработат доктори со полно работно време во руралните средини (пример за село Могорче, Дебарско);
- Заболените од карцином да бидат целосно ослободени од здравствена партиципација;
- Ослободување од здравствена партиципација за примателите на социјална парична помош;
- Итно отварање на гинеколошка ординација во општина Шуто Оризари;
- Враќање на претходниот систем на закажување и реализирање на медицински прегледи;
- Да се провери и унапреди законската регулатива за остварување на право на инвалидска пензија за заболени од карцином;
- Олеснување на процедури за добивање на лични документи за „фантом лица“, преку обезбедување на бесплатни услуги;

## Родови прашања

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ Неинформираност и ниска јавна свест за прашањата поврзани со родова и полова рамноправност<br>➢ Не е операционализирана Стратегијата за заштита од семејно насилство<br>➢ Непрепознавање на сексуалната ориентација, родовиот идентитет и родовото изразување како основа за недискриминација во законодавството и нациналните јавни политики<br>➢ Постои недостаток на одделни форми на социјална заштита за одделните ранливи групи (самохрани родители, жени од етнички малцинства и жени од рурални средини)<br>➢ Отсуствуваат едукативни активности за промовирање на формите на социјална заштита во руралните средини<br>➢ Невработеноста на жената и финансиската зависност | ➢ Воведување на сеопфатно сексуално образование во редовниот образовен процес<br>➢ Подготовка и спроведување на национални акциони планови за Стратегијата за заштита од семејно насилство<br>➢ Ревидирање и дополнување на законот за заштита од сите форми на дискриминација<br>➢ Воведување на нови форми на социјална заштита за одделни ранливи групи<br>➢ Преземање на посебни информативно-едукативни активности за промовирање на системот за социјална заштита во руралните средини<br>➢ Зголемување на бројот на жени опфатени со активните програми и мерки за вработување. |

## Невработеност

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ Неусогласеност на активните мерки за вработување со побарувањата на пазарот на трудот<br>➢ Злоупотреба на трудот на ранливите категории граѓани преку нудење на недостоинствени и слабо платени работни места од страна на работодавачите<br>➢ Квалификувани млади лица се трајно невработени<br>➢ Отежнато вработување на самохраните родители<br>➢ Не соодветен систем за евиденција на АВРМ | ➢ Зајакнување на капацитетите на социјално-економскиот совет преку вклучување на граѓански здруженија и претставници од групата невработени лица<br>➢ Воведување на мерки за заштита и контрола врз остварувањето на правата од работен однос за оваа категорија лица<br>➢ Намалување на страосната граница за пензионирање од 64 години мажи и 62 години жени на 62 години мажи и 60 годиниии жени<br>➢ Поголемо вклучување на пазарот на трудот на самохраните родители<br>➢ Ревидирање на системот за евиденција на АВРМ (ако граѓанинот не е навремено пријавен се брише од евиденцијата и нема |

| | |
|---|---|
| | право да се пријавува една година, а од друга страна пак излегуваат со намалена бројка на невработеност |
| ➢ **Не спроведување на националната стратегија за сиромаштија и социјална исклученост** | ➢ Создавање на услови за сеопфатно доследно спроведување на Националната стратегија и обезбедување на финансии од буџетот на РМ |
| ➢ **Злоупотребување на практиканството.** | ➢ Отворање на нови работни места со предност на вработување на практикантите |
| ➢ **Не соодветно информирање за огласување на новите работни места** | ➢ Пред завршувањето на календарската година да се огласат слободните работни места за наредната година |
| ➢ **Не следење на новите трендови за вработување** | ➢ Квалификација, преквалификација и доквалификација според нови трендови |
| ➢ **Не застапеност на работни места во систематизациите за лицата со средно стручно образование** | ➢ Поголема застапеност на работни места во систематизациите за лицата со средно стручно образование |

## Младинска сиромаштија

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ **Недоверба во локалните институции** | ➢ Соработка помеѓу младите и локалните институции ( преку младински совети, форуми, дебати) |
| ➢ **Неинформираност за услугите кои ги нудат институциите и нивната работа** | ➢ Поголема транспарентности и пласирање на информации за услугите кои ги нудат институциите и нивната работа преку медиуми, соопшетнија, веб страните, формуи. |
| ➢ **Младите не се вклучени во процесот на донесување одлуки** | ➢ Промовирање на парципативното учество и вклушување на младите во процесот на донесување на |
| ➢ **Кај младите постои недостаток на волја за живот и зголемен е степенот на незадоволство** | |
| ➢ **Висок процент на невработено младо население** | ➢ Промовирање, стимулирање на работодавачите за отварање на нови работни за намалување на процентот на младинската невработеност |
| ➢ **Недостаток на спортски клубови и спортски терени за сите спортови** | ➢ Отварање на спортски клубови и спортски терени за сите спортови на локално ниво и нивна |
| ➢ **Недостигаат субвенции за јавен превоз за** | |

| | |
|---|---|
| **младите** | правилна искористеност |
| **Напуштање на државата и малите градови за подобра егзистенција** | Субвенциионирање од страна на државата за јавен превоз |
| **Недостраток на квалитени условите за живот кој ги нуди локалната самоуправа или државата** | Подобрување на климата за квалитетот на живот и обезбедување на соодветни услови кои ќе ги задоволат потребите на младите за нивно останување во сопсвената држава. |
| **Младите немаат социјални бенифиции ( пр. попусти во културни установи, јавен превоз, попусти на услуги кои ги користат )** | Социјални бенифиции , за социјално вклуцување на младитез( попусти во културни установи) |
| **Младите могу тешко можат да си овозможат сопствено место за живеење** | Соодветнуи услови и поголеми субвенции од страна на државата за обезбедување на сопствени место за живеење кај младите |
| **Недостаток на услови за промовирање на занаетчиството** | Промовирање на занаетчиството (кампањеи, субвеници нови работни места) |
| **Ниска плата и несоодветни работни услови** | Обезбедување на соодветни услови за работа и зголемување на висината на минималната плата |
| **Работа на црно** | Искоренување на сивата економија (работа на црно) |
| **Воведување на младинска гаранција** | Обезбедување на соодветни сулови за имплементирање на младинска гаранција |
| **Недовлни средтсва и тешки услови за искористување на субвенциите за самовработување** | Зголемубвање на висината на финасиските средства за самовработување |
| **Обезбедување на услови и вклучување на младите роми во едукативниот процес и признавање на неформалното образование п ри вработување.** | Прифаќање на неформалното образование кај Ромите |
| **Недостаток на младински центри на локално ниво** | Отварање на младински центри на локално ниво како и креирање на локални стратегии за младите. |

## Вработени, а сиромашни

| Проблем | Барање |
|---|---|
| **Ниска минимална плата** | Зголемување на минимална плата за обезбедување на квалитетен и нормален живот |
| **Искористување на работната сила** | Исплата на соодветна дневница и почитување на работното време |
| **Работа на црно и непријавување на работници од страна на работодавците** | Зголемување на пазарна инспекција |
| | Обезбедување на соодветни условo за |

| | |
|---|---|
| ➢ **Несоодветни услови за работа**<br>➢ **Кршење на сите основни човекови права и законот за работни односи**<br>➢ **Ниски средства и субвенции за самовработување и не соодветна подршка од страна на државата** | наормална работа од страна на работодавачите и почитување на законот за работни односи<br>➢ Зголемување на висината на финасиски средства за самовработување како и поддршка од страна на државата за лицата кои ги користата условите за самовработување во првите две години. |

## Достоинствена старост

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ Принципот на транспарентност и информираност на пензионерите преку Здруженијата на пензионери е на најниско можно ниво. Раководствата на Здруженијата не нудат широк и транспарентен процес на приближување интерес на членството, за пензионерите да се чуствуваат како активисти обединети во една непартиска, невладина организација.<br>➢ Секој месец без разлика на висината на пензијата на пензионерите им се задржуваат 150.00ден. од кои 120.00ден. за Солидарниот фонд и 30.00ден. за чланарина средства кои најмногу се трошат на канто 417 – надоместоци за ангажирани пензионери – поконкретно раководства на Здруженијата кои траат по два, три, четири и повеќе мандата.<br>➢ Средствата што се собираат по основ на чланарина не се за потценување. Ако едно Здружение за една година има приход околу 6.000.000 ден. а расход од 2.500.000ден.,што прават со сретствата кои остануваат.<br>➢ Користењето на бањското лекување | Весникот ,,Пензионер плус" да го добиваат сите пензионери.<br>➢ Транспарентноста и информираноста на пензионерите да биде преку соопштенија и флаери како додаток на дневни весници.<br>➢ Според Статутите на овие Здруженија мандатот на избран член во раководството трае четири години.<br>➢ Средствата кои се собираат по основ на чланарина да се вложуваат во изградба на соодветни пензионерски домови, дневни центри – сервиси за нега на болни и изнемоштени пензионери. Како би се надминале недостатоците во обезбедување на континуиран пристап до терапија и третман за животно загрозувачки болести.<br>➢ Да нема раздвојување во различни групи и термини на брачни партнери – пензионери. |

**За сите нивоа на донесување и креирање на политики**

| Проблем | Барање |
|---|---|
| ➢ **Слаба вклученост на сиромашните и социјално исклучените лица во креирањето, спроведувањето и евалуацијата на јавните политики за намалување на сиромаштија.**<br><br>➢ **Слаба транспарентност и отчетност на трошењето на државниот буџет во сите области.** | ➢ Од особена важност е да се обезбеди активно вклучување и фокус кон лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост, на сите нивоа на донесување и креирање на политики<br><br>➢ Обезбедување јавен ревизорски извештај за државниот буџет од претходната годин |


Билјана Дуковска

Претседателка

Македонска платформа против сиромаштија

www.mpps.org.mk

e-mail: info@mpps.org.mk

president@mpps.org.mk